Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:16.02.2022 20:49:10
Reason:Документ со електронски печат
SERIALNUMBER=CRT3586703 + CN=e-sluzhben-vesnik-na-rsm, OU=EDB - 4030987108771, OU=EMBS - 4054857, O=JP Sluzhben vesnik na RSM, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 35** **16 февруари 2022, среда** **година LXXVIII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 424. | **Одлука** за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на град Скопје заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија | **2** |
| 425. | **Решение** за изменување на Решението за формирање Совет за координација на безбедносно-разузнавачката заедница | **2** |
| 426. | **Решение** за исправка на Решение бр.110-25/10 од 24.12.2020 година за доделување на селекционерско право | **2** |
| 427. | **Правилник** за начинот на полагање на стручниот испит за управување со отпад, образецот на уверението и сертификатот, како и висината и начинот на плаќање на надоместокот за полагање на стручниот испит | **3** |
| | **Огласен дел** | **1-8** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**424.**

Врз основа на членот 68, став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, а во врска со членот 31 став 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2005, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 февруари 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ЗАРАДИ НЕДОСТИГ НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА, МОЖНОСТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА АЛТЕРНАТИВНО ГОРИВО И СОСТОЈБИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува продолжување на рокот за постоење на кризна состојба утврден во Одлуката за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 13/22), до 30 април 2022 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 17 февруари 2022 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-823/1
16 февруари 2022 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

---

Në bazë të nenit 68, paragrafi (2) të Kushtetutës së Republikës së Maqedonisë së Veriut, a në lidhje me nenin 31, paragrafi (5) të Ligjit të Menaxhimit me Kriza (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 29/2005, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 dhe 83/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” numër 215/21), Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 16 shkurt 2022, miratoi

**V E N D I M**
**PËR MIRATIMIN E VAZHDIMIT TË AFATIT PËR EKZISTIMIN E GJENDJES SË KRIZËS NË ZONËN E QYTETIT TË SHKUPIT, PËR SHKAK TË MUNGESËS SË ENERGJISË TERMIKE, MUNDËSINË E PËRDORIMIT TË LËNDËVE DJEGËSE ALTERNATIVE DHE GJENDJEVE TË TREGUT TË ENERGJISË TERMIKE**

Neni 1

Me këtë vendim miratohet vazhdimi i afatit për ekzistimin e gjendjes së krizës, i përcaktuar në Vendimin për ekzistimin e gjendjes së krizës në furnizimin me energji termike (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” numër 13/22), deri më 30 prill 2022.

Neni 2

Ky vendim hyn në fuqi me ditën e publikimit në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut“, ndërsa do të fillojë të zbatohet nga 17 shkurti 2022.

KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Nr. 08-823/1
16.2.2022
Shkup

Kryetari i Kuvendit të Republikës
së Maqedonisë së Veriut
Mr. **Talat Xhaferi,** d.v.

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**425.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/19) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 февруари 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ СОВЕТ ЗА КООРДИНАЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСНО-РАЗУЗНАВАЧКАТА ЗАЕДНИЦА**

1. Во Решението за формирање Совет за координација на безбедносно-разузнавачката заедница („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 263/19, 22/20 и 239/20) во точка 2 во потточката а) алинејата 1 се менува и гласи:

„ - д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.“

Во потточката б) алинејата 3 се менува и гласи:

„ - Славјанка Петровска - министер за одбрана,“.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1375/1
15 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**426.**

Врз основа на член 97 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИСПРАВКА НА РЕШЕНИЕ БР.110-25/10 ОД 24.12.2020 ГОДИНА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СЕЛЕКЦИОНЕРСКО ПРАВО**

1. Се врши исправка на Решение бр.110-25/10 од 24.12.2020 година за доделување на селекционерско право на Rijk Zwaan Zaadteelt en Zaadhandel B.V. , Burg Crezeelaan 40, 2678 KX De Lier, the Netherlands – сорта домат пријавена под име MANUSA/МАНУСА и тоа:

- Во воведот на Решението наместо „Rijk Zwaan Zaadheelt en Zaadhandel B.V. , Burg Crezeelaan 40, 2678 KX De Lier, the Netherlands“ треба да стои „ Rijk Zwaan Zaadteelt en Zaadhandel B.V. , Burg Crezeelaan 40, 2678 KX De Lier, the Netherlands“ и

- Во точка 2. наместо бројот „25“ треба да стои бројот „20“.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Исправката се врши врз основа на член 97 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015) заради исправање на технички грешки во решението бр.110-25/10 од 24.12.2021 година.

Предвид на погоре наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Правна поука: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

Бр. 110-25/11
3 февруари 2022 година — Министер,
Скопје — **Љупчо Николовски**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**427.**

Врз основа на член 47 став (14) од Законот за управување со отпадот (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 216/21), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД, ОБРАЗЕЦОТ НА УВЕРЕНИЕТО И СЕРТИФИКАТОТ, КАКО И ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на полагање на стручниот испит за управување со отпад, образецот на уверението и сертификатот, како и висината и начинот на плаќање на надоместокот за полагање на стручниот испит.

Член 2

(1) За полагање на стручниот испит за управување со отпад (во понатамошниот текст: стручен испит) кандидатот поднесува барање до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(2) Со барањето за полагање на стручниот испит од ставот (1) на овој член кандидатот поднесува и докази за исполнување на условите за полагање на стручниот испит утврдени во членовите 48 и 49 од Законот за управување со отпадот (*).

Член 3

(1) Стручниот испит кој се состои од два дела се полага пред Комисија за полагање на стручен испит за управување со отпад (во понатамошниот текст: Комисија) според програма за полагање на стручен испит во која се содржани градивото, прописите и литературата и тоа:

- со првиот устен дел (теоретски дел) се проверува теоретското знаење на кандидатите и

- со вториот писмен дел (практичен дел - студија на случај) се проверува практичната способност на кандидатите.

(2) За двата дела од стручниот испит од ставот (1) на овој член, однапред се подготвени прашања во еднообразни листови (картички), така што на секој лист има по едно прашање.

(3) По извлекувањето на три прашања од првиот устен дел на стручниот испит од ставот (1) алинеја 1 на овој член, кандидатот има 15 до 30 минути за изработка на концепт на одговор на прашањата.

(4) Вториот писмен дел на стручниот испит од ставот (1) алинеја 2 на овој член се состои од:

- еден практичен пример (студија на случај) и

- три прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример.

(5) За текот на првиот устен дел на стручниот испит од ставот (1) алинеја 1 на овој член се води записник од страна на секретарот на Комисијата во кој се внесуваат податоци за името и презимето на кандидатот, составот на Комисијата, времето на полагање на стручниот испит, прашањата на кои кандидатот одговара, оценката на првиот устен дел на стручниот испит (положил/не положил), како и други поважни забелешки во текот на овој дел од стручниот испит и истиот се доставува до членовите на Комисијата за потпис.

(6) За текот на вториот писмен дел на стручниот испит од ставот (1) алинеја 2 на овој член се води записник од страна на секретарот на Комисијата во кој се внесуваат податоци за името и презимето на кандидатот, составот на Комисијата, времето на полагање на стручниот испит, практичниот пример (студија на случај) и прашањата на кои кандидатот одговара, оценката на вториот писмен дел на стручниот испит (положил/не положил), како и други поважни забелешки во текот на овој дел на стручниот испит и истиот се доставува до членовите на Комисијата за потпис.

(7) По завршениот прв устен дел и втор писмен дел на стручниот испит Комисијата составува писмен извештај кој што го потпишуваат сите членови на Комисијата.

Член 4

Стручниот испит се спроведува најмалку два пати годишно, во две сесии априлска и октомвриска.

Член 5

(1) Пред да отпочне со полагање на стручниот испит, од страна на кандидатот се доставува потврда за завршена обука за управител со отпад, односно за виш управител со отпад.

(2) Овластеното лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на стручниот испит.

Член 6

(1) На кандидатот му се овозможува да го полага стручниот испит во првиот нареден термин од денот на одобрувањето на барањето за полагање на стручниот испит.

(2) Ако во текот на полагањето на стручниот испит настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на стручниот испит (болест, породилно отсуство и слично), за тој кандидат ќе се прекине стручниот испит за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.

(3) Барањето за продолжување на стручниот испит може да се поднесе во рок од осум дена од денот на престанокот на причините за одлагање на стручниот испит од ставот (2) на овој член, но не подоцна од шест месеци од прекинот.

(4) Кандидатот кој нема да поднесе барање за продолжување на стручниот испит во рокот определен во ставот (3) на овој член, ќе се смета дека не го положил стручниот испит.

(5) Во продолжувањето на стручниот испит кандидатот го полага само оној дел од стручниот испит што го немал положено.

Член 7

(1) Стручниот испит се полага во службените простории на органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на животната средина кој за потребите на спроведување на стручниот испит ги врши стручните и техничко-административните работи.

(2) Во просторијата за полагање на стручниот испит, за време на полагањето се присутни членовите на Комисијата и едно овластено лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

Член 8

(1) Пред почетокот на полагањето на стручниот испит, се утврдува идентитетот на кандидатот од страна на овластено лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина со увид во личната карта.

(2) За време на полагањето на првиот устен дел на стручниот испит, не треба да се користат закони, стручна литература, мобилен телефон, преносен компјутер и други технички и информатички средства и слично од страна на кандидатот, а за време на полагањето на вториот писмен дел на стручниот испит, може да се користат закони (без коментари и објаснувања) во хартиена форма.

(3) За време на полагањето на првиот устен и вториот писмен дел на стручниот испит кандидатот не треба да контактира и со други кандидати или лица.

(4) При полагањето на првиот устен и вториот писмен дел на стручниот испит доколку од страна на кандидатот се постапува спротивно на ставовите (2) и (3) на овој член полагањето на стручниот испит ќе се прекине за тој кандидат и ќе се смета дека кандидатот не го положил стручниот испит, што се констатира во записникот кој се однесува на полагањето на стручниот испит.

Член 9

(1) Стручниот испит започнува со полагање на првиот устен дел (теоретски дел), а во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на првиот устен дел се полага вториот писмен дел (практичен дел - студија на случај).

(2) Вториот писмен дел на стручниот испит се полага на тест со печат на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на кој кандидатот го решава практичниот пример (студија на случај).

Член 10

(1) Првиот устен дел на стручниот испит се полага усно за соодветната област од Програмата за полагање на стручниот испит од членот 3 став (1) од овој правилник, со одговарање на три прашања пред Комисијата.

(2) Доколку кандидатот не го положил првиот устен дел на стручниот испит согласно ставот (1) на овој член, се смета дека стручниот испит не е положен.

Член 11

(1) Вториот писмен дел на стручниот испит се полага писмено и се состои од еден практичен пример (студија на случај) и три прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на практичен пример.

(2) Прашањата кои се составен дел од практичниот пример (студијата на случај) се од соодветната област од Програмата за полагање на стручниот испит од членот 3 став (1) од овој правилник, а ги определуваат членовите на Комисијата, при што истите имаат десет можни опции на одговори од кои едната е точна, пет се половично точни и четири се неточни.

(3) Доколку кандидатот не го положил вториот писмен дел на стручниот испит согласно ставовоте (1) и (2) на овој член, се смета дека стручниот испит не е положен.

Член 12

Резултатите од полагањето на првиот устен дел и вториот писмен дел на стручниот испит на кандидатот ќе бидат јавно достапни на веб страната на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

Член 13

(1) На секој кандидат непосредно пред започнувањето на вториот писмен дел на стручниот испит му се дава плик и лист со печат на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на кој тој ги запишува своите лични податоци (име и презиме и ЕМБГ) и пликото се затвора.

(2) Пликоата и/или листовите на кои има додадено редени броеви или белези се поништуваат и се смета дека кандидатот не го положил вториот писмен дел на стручниот испит.

Член 14

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот устен дел или вториот писмен дел на стручниот испит, поради причини што доведуваат до техничка неможност за спроведување, полагањето на стручниот испит се прекинува.

(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на стручниот испит, истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.

(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (2) на овој член, стручниот испит се презакажува за друг термин, но не подоцна од предвидениот термин за наредната сесија.

Член 15

Времетраењето определено за одговарање на прашањата од првиот устен дел и вториот писмен дел од тестот за полагање на стручниот испит  изнесува 90 минути.

Член 16

(1) Стручниот испит за управител со отпад, за кандидатите кои го положиле завршува со издавање на уверение во рок од 15 дена од денот на завршувањето на стручниот испит.

(2) Уверението за управител со отпад се издава на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

(3) Формата и содржината на образецот на уверението од ставот (2) на овој член се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 17

(1) Стручниот испит за виш управител со отпад, за кандидатите кои го положиле завршува со издавање на сертификат во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот.

(2) Сертификатот за виш управител со отпад се издава на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

(3) Формата и содржината на образецот на сертификатот од ставот (2) на овој член се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 18

На барање на кандидатот органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го информира за направените грешки во тестот за полагање на стручниот испит, со овозможување на непосреден увид во тестот.

Член 19

Материјалите од одржаните стручни испити, особено хартиените верзии од тестовите и практичните примери за полагање на стручниот испит и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и практичниот пример, се чуваат во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

Член 20

(1) За полагање на стручниот испит кандидатот плаќа надоместок во износ од 12.000 денари на сметката на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(2) Ако надоместокот не е уплатен на сметката на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина од ставот (1) на овој член најдоцна 15 дена пред денот определен за спроведување на стручниот испит, кандидатот не може да го полага стручниот испит.

(3) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага стручниот испит, уплатените средства се враќаат на кандидатот.

Член 21

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат Програмата за полагање на стручен испит за управител со отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/16), Правилникот за начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот за управител со отпад како и формата и содржината на уверението („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/16), Правилникот за просторните услови на материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испитот за управител со отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/16) и Правилникот за висина на надоместокот врз основа на реално направените трошоци за полагање на првиот и вториот дел од стручниот испит за управител со отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/16).

Член 22

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 12-927/1<br>7 февруари 2022 година<br>Скопје | Министер за животна средина<br>и просторно планирање,<br>**Насер Нуредини,** с.р. |

**Прилог 1**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број: ____________
Датум:_____________ година

## **У В Е Р Е Н И Е**
**за управител со отпад**

____________________ (име, татково име и презиме), роден/а на _________________ (датум и место на раѓање), дипломирал/а на ден _____________________ (датум на дипломирање) на Универзитет ___________________ (назив на институцијата на дипломирање), го положил/а **стручниот испит за управител со отпад** на ден ____________ година (ден на полагање на стручниот испит) и се стекнал/а со **уверение за управител со отпад,** а со тоа се стекнува со право да биде запишан/а во Регистарот за отпад што го води Министерството за животна средина и просторно планирање-Управата за животна средина.

Министер за животна средина и
просторно планирање

________________

М.П

**Прилог 2**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број: ____________
Датум: _____________ година

# СЕРТИФИКАТ

**за виш управител со отпад**

__________________ (име, татково име и презиме), роден/а на ________________ (датум и место на раѓање), дипломирал/а на ден ___________________ (датум на дипломирање) на Универзитет __________________ (назив на институцијата на дипломирање), го положил/а **стручниот испит за виш управител со отпад** на ден ____________ година (ден на полагање на стручниот испит) и се стекнал/а со **сертификат за виш управител со отпад,** а со тоа се стекнува со право да биде запишан/а во Регистарот за отпад што го води Министерството за животна средина и просторно планирање-Управата за животна средина.

Министер за животна средина и
просторно планирање

_______________

М.П

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

издавач: ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29, поштенски фах 51.
в.д. Директор и одговорен уредник – м-р Владимир Кроневски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2022 година изнесува 12.200 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: печатница Напредок ДООЕЛ Тетово.

ISSN 0354-1622

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 35** **16 февруари 2022, среда** **година LXXVIII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

# О Г Л А С И

СОДРЖИНА

| | Стр. |
|---|---|
| Јавни набавки………………………………. | 1 |

## ЈАВНИ НАБАВКИ

### О Г Л А С
### ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**Број на оглас: 02051/2022**

ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

**I.1.1) Назив на договорниот орган: Министерство за финансии**

I.1.2) Адреса: ул. „Даме Груев“ бр.12

I.1.3) Град и поштенски код: Скопје - 1000

I.1.4) Интернет адреса:

I.1.5) Лице за контакт: Петрина Мале, адреса на е-пошта: petrina.male@finance.gov.mk телефон/факс: 02/3255-633

I.1.6) Дополнителни информации и тендерската документација може да се добијат на горната адреса

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност: Државни органи - Економија и финансии

ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**II.1) Предмет на договорот за јавна набавка: Електрична енергија**

II.1.1) Објавување на проценета вредност: Не

II.2) Вид на договорот за јавна набавка: Стоки - Купување

II.2.1) Место на испорака на стоките или извршување на услугите, или локација на извршување на работите: Територијата на Република Северна Македонија

II.3) Секторски договор: Не

II.4) Централно тело: Не

II.5) Групна набавка Не

II.6) Електронски каталог: Не

II.7) Подетален опис на предметот на договорот за јавна набавка:

Предмет на постапката за јавната набавка е набавка на стоки- Набавка на електрична енергија за сопствени потреби на Министерството за финансии. Детален опис на предметот на набавка е даден во техничките спецификации.

II.8) Заеднички поимник за јавни набавки: Да

Основен предмет на јавната набавка-Главен поимник

Шифра Опис

09310000-5 - Електрична енергија

II.9) Делива набавка: Не

II.10) Рамковна спогодба: Не

II.11) Алтернативни понуди Не

II.12) Времетраење на договорот:

Период во месеци: 12

II.13) Претходна проверка на пазарот? Не

ДЕЛ III: ПОСТАПКА

III.1) Вид на постапка: Отворена постапка

III.2) Постапката за доделување на договор за јавна набавка ќе биде со скратени рокови: Не

III.3) Критериум за доделување на договор: Најниска цена

III.4) Електронска постапка? Да

III.5) Електронска аукција? Да

ДЕЛ IV: ПРАВНИ,ЕКОНОМСКИ,ФИНАНСИСКИ И ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ

IV.1) Гаранции и авансно плаќање

IV.1.1) Гаранција на понудата: Не

IV.1.2) Изјава за сериозност: Да

IV.1.3) Гаранција за квалитетно извршување на договорот: Да [10.00%]

IV.1.4) Авансно плаќање: Не

IV.1.5) Здружување на група економски оператори во соодветна правна форма заради извршување на договорот (по извршен избор на најповолна понуда): Не

IV.1.6) Резервирани договори Не

IV.1.7) Посета на локација/Преглед на придружна документација: Не

**Огласи**

IV.2) Критериуми за утврдување на способност на понудувачот или кандидатот

IV.2.1) За докажување на личната состојба, економскиот оператор треба да ги достави следниве документи

- изјава дека во последните 5 години не е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело од член 88 став 1 од ЗЈН
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде што економскиот оператор е регистриран
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност
- Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност

IV.2.2) Способност за вршење професионална дејност на економскиот оператор

- Документ за регистрирана дејност:
- Потврда за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран (ДРД Образец) - Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија или снабдување со електрична енергија издадена од Регулатрната комисија за енергетика на Република Северна Македонија - EIC код издаден од А.Д. МЕПСО – Скопје, како вршител на енергетска дејност снабдување со електрична енергија и/или трговија со ЕЕ - Договор за балансна одговорност согласно со Правилата за пазар на електрична енергија - Договор дека е регистриран како учесник на пазарот на електрична енергија согласно Правилата за пазар на електрична енергија.

ДЕЛ V: АДМИНИСТРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ

V.1) Услови за добивање на тендерска документација и дополнителни документи

V.2) Услови за доставување на понудите

V.2.1) Понудите да се достават најдоцна до 18.3.2022 година 10:00 часот

V.2.2) Краен рок за поставување прашања: 10.3.2022 година 15:30 часот

V.2.3) Краен рок за одговор на прашања: 12.3.2022 година 15:30 часот

V.3) Период на важност на понудата: 120 дена

V.4) Услови за отворање на понудите

Јавното отворање на понудите ќе се одржи на денот и во часот определен како краен рок за доставување на понудите 18.3.2022 година во 10:00 часот, место: Скопје

V.5) Дополнителни информации Отворањето на понудите е јавно, а ќе се изврши на ден 18.3.2022 година во 10.00 часот во време определено во тендерската документација како краен рок за поднесување на понудите, на следнава локација- ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје, 8 кат.

V.6) Датум на објава: 16.2.2022 година

ДЕЛ VI: ДОКУМЕНТИ

ДЕЛ VII: ПОНИШТУВАЊА

ДЕЛ VIII: ПРИЛОЗИ

ДЕЛ IX: ИЗВЕСТУВАЊА ЗА СКЛУЧЕН ДОГОВОР / ЕВИДЕНЦИИ

---

## О Г Л А С
## ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**Број на оглас: 02053/2022**

ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

**I.1.1) Назив на договорниот орган: Министерство за финансии**

I.1.2) Адреса: ул. „Даме Груев“ бр. 12

I.1.3) Град и поштенски код: Скопје - 1000

I.1.4) Интернет адреса:

I.1.5) Лице за контакт: Рената Николоска, адреса на е-пошта: renata.nikoloska@finance.gov.mk телефон/факс: 02/3255-560

I.1.6) Дополнителни информации и тендерската документација може да се добијат на горната адреса

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност: Државни органи - Економија и финансии

ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**II.1) Предмет на договорот за јавна набавка: Услуги за превод**

II.1.1) Објавување на проценета вредност: Не

II.2) Вид на договорот за јавна набавка: Услуги - Категорија на услуга број: 27 Други услуги кои не се опфатени во член 2 од оваа уредба (освен услугите кои се однесуваат на купување, развој, продукција или копродукција на програмски материјали од страна на радио и телевизиски куќи или за термините на радио и телевизиско емитување на програма)

II.2.1) Место на испорака на стоките или извршување на услугите, или локација на извршување на работите: Република Северна Македонија

II.3) Секторски договор: Не

II.4) Централно тело: Не

II.5) Групна набавка Не

II.6) Електронски каталог: Не

II.7) Подетален опис на предметот на договорот за јавна набавка:

Предмет на постапката за јавната набавка е набавка на услуги за превод на повеќе јазици за тековните потреби на Министерството за финансии (консекутивен, симултан и писмен превод)

II.8) Заеднички поимник за јавни набавки: Да

Основен предмет на јавната набавка-Главен поимник

Шифра Опис

79530000-8 - Услуги за преведување

II.9) Делива набавка: Не

II.10) Рамковна спогодба: Не

II.11) Алтернативни понуди Не

II.12) Времетраење на договорот:

Период во месеци: 12

II.13) Претходна проверка на пазарот? Не

ДЕЛ III: ПОСТАПКА

III.1) Вид на постапка: Поедноставена отворена постапка

III.2) Постапката за доделување на договор за јавна набавка ќе биде со скратени рокови: Не

III.3) Критериум за доделување на договор: Најдобар однос помеѓу цената и квалитетот

Критериуми Бодови

Цена - 80 -

Квалитет - 20 - За елементот квалитет се утврдени вкупно 20 бодови, и истиот ќе се евалуира на следниов начин-поделемент Организација на економскиот оператор-10 бодови и поделемент -Број на успешно реализирани договори за извршени услуги од ист или сличен вид во последните три години (со доставување на потврди за реализирани договори) -10 бодови.

III.4) Електронска постапка? Да

III.5) Електронска аукција? Не

ДЕЛ IV: ПРАВНИ,ЕКОНОМСКИ,ФИНАНСИСКИ И ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ

IV.1) Гаранции и авансно плаќање

IV.1.1) Гаранција на понудата: Не

IV.1.2) Изјава за сериозност: Да

IV.1.3) Гаранција за квалитетно извршување на договорот: Да [5.00%]

IV.1.4) Авансно плаќање: Не

IV.1.5) Здружување на група економски оператори во соодветна правна форма заради извршување на договорот (по извршен избор на најповолна понуда): Не

IV.1.6) Резервирани договори Не

